

# УЧИЛИШТЕТО СО МЕШАН ЕТНИЧКИ СОСТАВ
# – РАБОТИЛНИЦА ВО КОЈА СЕ УЧИ И СЕ НЕГУВА
# МЕЃУЕТНИЧКАТА КОМУНИКАЦИЈА И СОРАБОТКА

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ (МЦГО)

# УЧИЛИШТЕТО СО МЕШАН ЕТНИЧКИ СОСТАВ - РАБОТИЛНИЦА ВО КОЈА СЕ УЧИ И СЕ НЕГУВА МЕЃУЕТНИЧКАТА КОМУНИКАЦИЈА И СОРАБОТКА

Скопје, 2006

# УЧИЛИШТЕТО СО МЕШАН ЕТНИЧКИ СОСТАВ - РАБОТИЛНИЦА ВО КОЈА СЕ УЧИ И СЕ НЕГУВА МЕЃУЕТНИЧКАТА КОМУНИКАЦИЈА И СОРАБОТКА


Уредник и стручен консултант:

***Слободанка Ристевска***

Издавач:

***Македонски центар за граѓанско образование (МЦГО)***

Печатењето на брошурата финансиски е помогнато од:

***Католички служби за помош (ЦРС)***

# ВОВЕД

Оваа брошура претставува резултат на проектот *„Меѓуетничката комуникација и соработка помеѓу учениците од етнички мешаните училишта"*, кој го реализираше МЦГО со финансиска поддршка од ЦРС (Католички служби за помош), а во соработка со четири основни училишта со мешан етнички состав (37% Македонци, 36% Албанци, 21% Турци, 6% Бошњаци), и тоа: ОУ „Рајко Жинзифов" – Скопје, ОУ „Алија Авдовиќ" – с. Батинци, Скопско, ОУ „Маршал Тито" – Струмица, и ОУ „Гоце Делчев" – Василево, ПУ с. Ангелци.

**Примерокот - целната група** со која се реализираа проектните активности изнесуваше 206 ученици, односно 9 паралелки, од кои две од четврто одделение, три мешани паралелки со ученици од подготвително до четврто одделение, две паралелки од седмо и две мешани паралелки со ученици од седмо и од осмо одделение.

Проектот се реализираше во периодот од октомври 2005 до септември 2006 година.

**Општата цел** на проектот е подобрување на меѓуетничката комуникација и соработка помеѓу учениците во основните училишта, за да се поддржи развојот на соработката и на толеранцијата на меѓуетничките заедници во Македонија.

**Посебните цели се:**

- намалување на тензијата помеѓу учениците од различна етничка припадност;
- примена на интерактивни техники при реализацијата на активностите со содржини за зајакнување на мултиетничката комуникација, соработка и толеранција.

Во рамките на проектните активности се реализираше и обука на шеснаесет наставници и стручни работници од спомenатите училишта. По обуката, како тим заедно со своите ученици, тие ги реализираа активностите презентирани на самата обука, како и активностите поместени во *Листата на активности* што им беше дадена, а со насоки кон подобрување на меѓуетничката комуникација и соработка.

Благодарение на мотивираноста, ангажираноста и искуството на наставниците и на стручните работници, планираните активности успешно се реализираа.

Од извештаите што ги доставија училишните тимови може да се заклучи дека *проектот ја постигна целта, односно го поттикна зближувањето меѓу учениците со различно етничко потекло преку воспоставување механизми за надминување на јазичните, религиозните и на културолошките пречки.* Констатацијата дека целта на проектот е целосно остварена ќе ја поткрепиме со изјави на членови на училишните тимовите што работеа на проектот и со изјави на родители.



- *„Дружењето на учениците од различни етнички заедници (Македонци, Албанци, Турци, Бошњаци, Роми, Власи) се зголеми, односите се продлабочија и достигнаа високо ниво, а тоа се рефлектираше и кај оние што не беа опфатени и кои бараа вклучување".*
- *„Преку овој проект се разви одлична комуникација меѓу учениците, така што различната вера и националност не претставуваа пречка за убава и лесна комуникација".*
- *„Овие воннаставни активности се реализираа во атмосфера на меѓусебна поврзаност, блискост, што придонесе учениците да научат и нешто повеќе од јазикот на другите".*
- *„Самите училишни тимови ги усовршија методите за унапредување на меѓуетничкото разбирање. Сите што беа вклучени во проектот (ученици, наставници, стручни работници, родители и директорот) работеа со желба, одговорност и со ентузијазам".*

Еден родител на ученик од седмо одделение вели:

- *„Задоволна сум затоа што моето дете по работилниците што се реализираа во училиштето, дома се враќаше со позитивни импресии. Јас сум горда затоа што тој сам дојде до заклучок дека сите деца од неговото училиште во нешто се слични, во нешто исти, а во нешто и различни, со што кај него се намалија и предрасудите".*

# 1 ПОИМИ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ЗНААТ ЗА ПОДОБРО ДА СЕ РАЗБЕРЕ МЕЃУЕТНИЧКАТА ТОЛЕРАНЦИЈА

*„Никогаш и никаде во светот нема две исти мислења, како што нема ни две исти влакна, ни две исти зрна. Различноста е најуниверзален квалитет".*
***Монтаигне, француски филозоф***

**Меѓуетничка толеранција** е почитување на правата на другите. Луѓето се еднакви, но не и идентични. Тие се разликуваат по пол, возраст, националност, јазик, религија, култура. За да се постигне мир, правда и социјален напредок, потребно е почитување на различноста, почитување на културите. Тоа меѓусебно почитување значи меѓуетничка толеранција.

**Култура** е особен начин на живот, според кој припадниците на различни општества, општествени групи и култури се разликуваат меѓу себе. Поимот култура опфаќа:

- ***систем на вредности*** (насочување на човековото однесување, градење ставови, односи и навики);
- ***организираност, реализација и резултати од човековите способности и дејности*** (предмети, објекти, чувства, знаења, вештини и однесувања);
- ***систем на симболи*** (јазик, гестови, модели на однесување, митови, идеи и свети предмети);
- ***колективна меморија*** (историски континуитет на пренесувани и развиени знаења, умеења и искуства);
- ***норми*** со чија помош се реализираат вредностите, а се штитат интересите на општеството (покажуваат каде и како треба да се однесуваат луѓето).

Културата помага да се изгради културен идентитет.

**Културен идентитет** е чувство на припадност кон една култура, но и чувството што го поседува поединецот со посебни и со неповторливи особини. Колку што се културите послични, толку се полесни соработката и разбирањето меѓу припадниците на тие култури, и обратно, колку што се културите со поголеми разлики во основните вредности и со различен степен на развој, соработката се усложнува.

**Мултикултурни општества** се општества во кои има различни култури што произлегуваат од различни етнички или од различни религиски групи. Како последица на миграциските движења, денес на еден мал простор најчесто егзистираат повеќе различни култури. Мал е бројот на земји што се монокултурни. Многу земји што некогаш биле монокултурни, во меѓувреме станале мултикултурни.

**Мултикултурализмот** подразбира толеранција, размена и соработка меѓу културите присутни во рамките на една општествена средина, но и во светот воопшто, без оглед на тоа дали се слични или се различни.

**Етноцентризам** е величење на вредностите на сопствената (една) култура заради заштита на сопствениот културен идентитет, а омаловажување на вредностите на друга култура.

**Културен релативизам** подразбира еднаквост на културите, односно став дека сите култури се еднакво вредни, и дека ниедна култура нема право да проценува друга култура според сопствени критериуми.

**Културни универзалии** се нарекуваат елементите што се заеднички за сите култури. Такви се: семејни врски, поделба на генерации, учење на хигиенски навики, верувања, танци, заедничка работа, образование, украсување на телото, општествена организација, мерење на времето, навики, правила во исхраната, поделба на трудот, сопственички права и слично. Културните универзалии се погодна основа за разбирање на меѓукултурите, односно за создавање на универзална општочовечка култура.

# 2

# УЧИЛИШТЕТО СО МЕШАН ЕТНИЧКИ СОСТАВ Е РАБОТИЛНИЦА ВО КОЈА СЕ УЧИ И СЕ НЕГУВА МЕЃУЕТНИЧКАТА КОМУНИКАЦИЈА И СОРАБОТКА

Воспитно–образовната работа во училиштето се реализира комплементарно низ наставата и низ воннаставната дејност. Во наставата примарна функција има образованието, а во воннаставната дејност воспитанието. Во рамките на наставата спаѓа и часот на одделенскиот раководител. Тој – за разлика од наставниот час, кој е строго планиран, организиран и артикулиран – дозволува реализација на воспитни содржини и активности за постигнување определени воспитни цели.

Активностите и содржините предвидени со проектот „Мултиетничка комуникација и соработка помеѓу учениците од етнички мешани училишта” се реализираа на часот на одделенскиот раководител (со учениците од седмо и од осмо оделение) и низ воннаставната дејност во подрачјата: слободни ученички активности, производствена и друга општествена корисна работа; соработка на училиштето со локалната средина.

## 2.1 Реализирани содржини на часот на одделенскиот раководител

Часот на одделенскиот раководител со учениците од VII и VIII одд. училишните тимови одлучија да го користат за реализација на следните содржини и активности:

### ЕДЕН ДЕН ОД МОЈОТ ЖИВОТ

***Техники на работа:*** ***работа во група, текст-метод и разговор***

Во траење од 15 мин. секој ученик опишува еден ден од својот живот од моментот кога се разбудува во својот кревет, до навечер кога си легнува. Во тој временски интервал ги набројува сите активности што ги направил, предметите што ги користел, нивниот производител, марката и земјата каде што е произведен.

Потоа учениците од паралелката се делат во четири групи. Членовите на групите ги читаат своите текстови и на лист ги запишуваат *производителот*, *марката* и *земјата* каде што се произведени предметите што ги користеле, а се спомнати во текстот што го на–пишале.

Претставник од секоја група ја чита листата на употребени предмети, марки и земји каде што се произвдени.

Се поведува разговор за меѓусебната поврзаност и зависност на луѓето и државите од целиот свет.

## Пример: ЕДЕН ДЕН ОД МОЈОТ ЖИВОТ

*Се разбудив од длабокиот сон на ѕвонењето на часовникот марка ЕСЕН донесен од САД. Поспано и мрзеливо се протегнав во мојот стар удобен кревет на ЛЕСНИНА - СЛОВЕНИЈА, ја отфрлив покривката ЛИО од ХРВАТСКА и влегов во тоалетот целиот поплочен со ИТАЛИЈАНСКИ плочки. Се измив со мојот омилен детски сапун МЕРИМА - КРУШЕВАЦ, кој го употребувам од како знам за себе и не би го менувала за ниеден друг. Да кажам дека по моите фиоки сигурно има околу триесетина парчиња за резерва, да не престане увозот. Што знаеш? Се намачкав со помада АФРОДИТА со алое, од СЛОВЕНИЈА, измив заби со пастата БИОДЕНТ на ЛЕК-ЉУБЉАНА, се исчешлав и се испрскав со лак за коса ИНТЕСА - ИТАЛИЈА.*

*Ги соблеков пижамите ДО-РЕ од ТУРЦИЈА, го облеков костумот од БЕЛЕ - ШТИП, чевли од ПЕКО - СЛОВЕНИЈА, ја зедов чантата на МОНА - БЕЛГРАД и со колата РЕНО КЛИО - ФРАНЦИЈА заминав на работа.*

*Таму веднаш седнав на работната маса МЕБЛО - ЉУБЉАНА и ја отворив методиката ОСНОВИ НА ДЕМОКРАТИЈАТА од група автори од КАЛАБАСАС-КАЛИФОРНИЈА. Пенкалото со кое пишувам е од ГЕРМАНИЈА. За паузата за појадок зедов една кифла од АРГИРИЦА, приватна фурна од Битола, и еден јогурт од ИМБ-МЛЕКАРА - БИТОЛА.*

*На враќање за дома, бидејќи немав подготвено ручек, влегов во ВЕРО и купив компир-пире од некоја ГЕРМАНСКА марка и СЛОВЕНЕЧКА КРАЊСКА.*

*Дома сервирав на масата од трпезариската гарнитура МУРАЛЕС - СЛОВЕНИЈА, во тањирите на ЗАЈАЧАР - СРБИЈА, употребив салветки ПАЛОМА. Садовите ги измив со ПАЛМОЛИВЕ - не знам од каде е.*

*Седнав, го пуштив телевизорот ЛЏ и на каналот ХАЛМАРК гледав филм. Оддеднаш почувствував студ и си го зедов волненото лесно кебенце на ТЕТЕКС - ТЕТОВО. Штотуку почнав да го разгледувам новиот број на списанието БУРДА - германско, се огласи ѕвонењето на ѕвончето со неколку музички тактови од Четирите годишни времиња од Вивалди, купено од ГРЦИЈА.*

*За да создадам попријатна атмосфера, пуштив ЦД од групата ЛЕГЕНДА од БЕЛГРАД. Сестра ми ми кажа дека во продавницата ТЕРА НОВА, инаку ГРЧКА продавница, има солиден попуст на зимската гардероба.*



## РАЗГОВОР ЗА КУЛТУРА И МУЛТИКУЛТУРА

### Техника на работа: Призма

Секој ученик добива по два формулари од техниката призма. За подобро да им објасни на учениците, наставникот може да користи графоскоп и термофолија на која е нацртан фомуларот за призма, или да се послужи со формуларот подготвен за работа на учениците.

Техниката призма се базира на асоцијација. Затоа учениците не треба да имаат особени предзнаења за тоа што ќе се зборува, односно што ќе се пополнува. Учениците прво во двете правоаголни полиња запишуваат два збора што им дошле напамет кога го слушнале зборот ***култура***. Потоа постапката се повторува за секој од двата напишани збора. Значи, во секое правоаголно поле ученикот запишува по еден збор на кој ги асоцира зборот што претходно го запишале. Постапката може да се повторува и призмата да се шири во зависност од возраста на учениците и познавањата за поимот за кој се работи призмата. Потоа следува собирање, интегрирање на двата збора. Зборот на кој ги асоцира претходно напишаните два збора се запишува во правоаголното поле под нив. Постапката се повторува сè додека не се стигне до еден збор. Се анализираат првиот напишан збор КУЛТУРА, со последниот што се добил како резултат на асоцијацијата од последните два.



На следниот час постапката се повторува за поимот мултикултура.

## ТЕХНИКА ПРИЗМА






## ВО КАКВО ОПШТЕСТВО САКАТЕ ДА ЖИВЕЕТЕ: МОНОКУЛТУРНО ИЛИ МУЛТИКУЛТУРНО?

***Техника на работа:* работа во групи, бура на идеи и дискусија**

Учениците од паралеката се делат во четири групи. Две групи размислуваат и дискутираат за позитивните страни на мултикултурните општества, а две за неговите негативни страни. Групите се разместени на определено растојание за да не си пречат.

При работата учениците се поттикнуваат да ја користат техниката „бура на идеи": секој член на групата кажува колку што е можно повеќе идеи, тие се запишуваат на хартија, но не се вреднуваат (не се кажува дали се добри или не).

Откако ќе се исцрпат сите идеи, се почнува со дискусија за вреднување на нивната соодветност и исправност. Со заеднички договор се одлучува кои идеи ќе се запишат на друг лист хартија и ќе се презентираат пред целата група. Претставник од секоја група го чита она за што се определила групата.




Наставникот, заедно со групата, ги коментира секој од наведените недостатоци и предности, ги резимира и ги запишува на табла во две колони: во едната – предностите, а во другата – недостатоците.

Откако тоа ќе се направи со секоја од групите, се води дискусија со сите ученици од паралелката во однос на следните прашања:

- *Во какво општество сакате повеќе да живеете, во монокултурно или во мултикултурно? Зошто?*
- *Дали се недостатоците на мултикултурното општество предности на монокултурното?*
- *Дали се предностите на мултикултурното општество недостатоци на монокултурното?*
- *Во кои услови може да дојдат до израз предностите на мултикултурното општество?*

## КАКО МОЖАМ ДА ПРИДОНЕСАМ КОН ПОГОЛЕМО ПОЧИТУВАЊЕ НА РАЗЛИЧНОСТИТЕ ВО СЕМЕЈСТВОТО, УЧИЛИШТЕТО, СОСЕДСТВОТО, ЗЕМЈАТА И ВО СВЕТОТ?

***Техника на работа:*** ***индивидуална, работа во група, дискусија и драматизација***

Прво, секој ученик треба да запише по две конкретни постапки за тоа ***како може тој самиот,*** **независно од другите,** ***да придонесе*** кон поголемо почитување на различностите, не како дел од група – туку тој самиот во свое име. Постапките треба да бидат насочени кон:

- членови од семејството,
- другари,
- соседството,
- граѓани од земјата, и
- граѓани од светот.



Со едната постапка ученикот треба ***да покаже поголемо сопствено почитување*** кон членови од семејството, другари, соседи, кон граѓани од земјата и од светот.

Со другата постапка тој треба ***да изврши влијание врз други*** (членови од семејство, другари, соседи, граѓани од земјата и од светот), кај нив да се зголеми почитувањето кон другите.

Потоа наставникот формира четири групи во кои се дискутира за поединечните конкретни предлози што ги напишале учениците. Во рамките на групата, се проценува нивната конкретност и остварливост, и се изготвува заедничка листа на предлози во која може да се додадат и некои нови, ако произлегле од меѓусебната дискусија во групата.

Претставник од секоја група ја презентира листата на предлози.

## *КУЛТУРОЛОШКИ ВРЕМЕПЛОВ НА ТРИ ГЕНЕРАЦИИ*

***Техника на работа:* работа во група, анализа и компарација**

Се работи истовремено во две паралелки од исто одделение со различен етнички состав.

Учениците од паралелката се делат во четири групи. Секоја група треба да поведе разговор за животот во младоста на три генерации station наназад (за дедовците и бабите на учениците, за нивните родители и за нив самите). На учениците треба да им се објасни дека треба да разговараат за: ***просторните услови за живеење*** (во што се живеело: куќа, стан); ***бројот на членовите во семејството***; ***исхраната*** (кои јадења превладувале во секојдневната исхрана, кога и како се јадело во текот на денот); ***облека*** (што се носело, што било во мода); ***образование*** (степен на образование, занаети)***; користење на слободното време*** (како се забавувале, каде оделе, што правеле); ***годишен одмор*** (дали оделе, каде, со кого); ***прослава на празници*** (кои празници се прославувале, како, зошто); ***посета на верски објекти*** (колку често се посетувале, по кој повод); ***вредности*** (на кои вредности им се посветувало посебно значење: богатство, чесност, ветен збор); ***потреби*** (неопходни, луксузни); ***идеали*** (што сакале да постигнат во животот за себе и за своите деца, потомците).



Членовите на групите прават споредба на културата на живеење помеѓу три генерации. Секоја група на голем лист хартија изготвува табела на која ги претставува поединечните елементи на живеење.

На следниот одделенски час, двете паралелки што работеа на *културолошкиот времеплов* се здружуваат и имаат заеднички час на кој се прави презентација на по една табела од секоја етничка заедница. Потоа се прави компарација на живеењето на секоја генерација во двете етнички заедници.

## КУЛТУРОЛОШКИ ВРЕМЕПЛОВ НА ТРИ ГЕНЕРАЦИИ

| Елементи | Баба - дедо | Нашите родители | Ние |
|---|---|---|---|
| Просторни услови | куќа | стан | стан |
| Членови на семејството | 7 | 4 | 4 |
| Исхрана | пита<br>грав<br>ориз | месо<br>тестенини | пица<br>хамбургер |
| Облека | костуми<br>џемпери<br>панталони | фармерки<br>кошули<br>фармерки | мини–здолништа<br>маички |
| Образование | средно | средно | високо |
| Слободно време | плетење | ретко го имаат | слушање музика<br>забава во диско |
| Годишен одмор | ретко | секоја година | планирам на Хаваи |
| Прослава на празници | Рамазан,<br>Бајрам,<br>Курбан Бајрам | Рамазан,<br>Бајрам,<br>Курбан Бајрам | се придржуваме<br>кон традициите |
| Крштевки, свадби | традиционално,<br>според старите<br>обичаи | традиционално,<br>со мали измени | најмодерни,<br>без традиции |
| Вредности | почит кон<br>постарите | образование<br>почит кон<br>постарите | образование<br>добра облека |
| Потреби | топол дом<br>добро семејство | топол дом<br>добро семејство | телефони<br>компјутери |
| Аспирации | топол дом<br>исхрана | образование<br>работа | образование<br>луксузни<br>автомобили |

*Пример од „Културолошки времеплов на три генерации“*
*од групна работа на ученици на албански наставен јазик*

## КУЛТУРОЛОШКИ ВРЕМЕПЛОВ НА ТРИ ГЕНЕРАЦИИ

| Елементи | Баба - дедо | Нашите родители | Ние |
|---|---|---|---|
| Просторни услови | куќа | стан | стан |
| Членови на семејството | 5 | 4 | 4 |
| Исхрана | пита<br>манџи<br>варива<br>грав | боранија<br>риба | спанаќ<br>морска храна |
| Облека | костуми<br>фустани<br>панталони | фустани<br>блузи<br>џемпери | спортска облека (маици, тренерки, фармерки) |
| Образование | средно | високо | високо |
| Слободно време | многу | малку | малку |
| Годишен одмор | ретко | понекогаш оделе на езеро и море | планирам: Сан Франциско, Хаваи |
| Прослава на празници | традиционални празници:<br>Божиќ, Велигден, Младенци<br>и со многу гости | се прославуваат помодерно:<br>Божиќ, Велигден, Св. Атанас | помодерно би ги прославувал:<br>Божиќ, Велигден, Св. Атанас, Св. Никола<br>и со помалку гости |
| Крштевки, свадби | свадби со стари обичаи, крштевање во црква | свадби по нови обичаи, крштевање во црква | планирам свадба на Бахамски острови |
| Вредности | воспитување со многу почит кон постарите | почит<br>кон постарите | почитување кон моите родители |
| Потреби | исхрана<br>релаксација<br>ТВ–програма | исхрана<br>ТВ–програма<br>компјутер | здрава исхрана<br>компјутер<br>интернет |
| Аспирации | убаво воспитување и формирање на семејство | одржување добри семејни односи | да оформам високо образование и да се усовршувам постојано |

*Пример од „Културолошки времеплов на три генерации“*
*од група работа на ученици на македонски наставен јазик*

## ИЗРАБОТКА НА ПОРТФОЛИО ЗА РЕЛИГИЈАТА, ИСХРАНАТА И КУЛТУРАТА НА ЕТНИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ ШТО ЖИВЕАТ ВО МАКЕДОНИЈА

***Техника на работа:* работа во група, собирање и обработка на податоци, анализа**

Сите паралелки независно од етничката припадност, може да изработат портфолио за три сегменти од животот на својата етничка заедница: религијата, исхраната и културата. За тоа се потребни три големи хамери или какви било хартија, слики, цртежи, пишувани текстови, фломастери, лепило.



На секое пано со помош на пишуван збор, слики, (цртежи, исечоци од списанија) и со други можни изразни средства се претставува по еден сегмент од животот на етничката заедница:

- ***религија*** (верување, свети книги, свети објекти, обичаи, празници)
- ***исхрана*** (традиционални национални јадења, секојдневни, празнични, десерти, зимници)
- ***култура*** (писатели, глумци, пејачи, новинари, научници)



Во групата, членовите може да ја поделат работата според својот афинитет и според познавањата што ги имаат за определена област.

По изработката на портфолијата, секоја паралелка треба да направи презентација пред друга од исто одделение, а од различна етничка заедница. На тој начин учениците ќе имаат можност повеќе да се запознаат со овие сегменти од животот на други етнички заедници.

## ДА ГО ЗАМЕНИМЕ КОНФЛИКТОТ СО СОРАБОТКА

***Техника на работа:* работа во парови, пишување текст според цртеж**

Оваа активност може да се реализира со ученици почнувајќи од подготвителната група па сè до IV одделение, при што треба да се приспособат приодот, прашањата и барањата кон возраста (одделението) на учениците.

Од учениците во паралелката се формираат парови. Секој пар добива 6 измешани делови од композиција на слики од приказната „Итрите магариња”. Паровите најнапред треба да ги подредат сликите според логичниот распоред на случувањето, а потоа да составаат приказна одговарајќи на следните прашања:

- *Каков проблем имале магарињата?*
- *Како се обиделе да го решат проблемот?*
- *Дали успеале во тоа? Зошто не успеале?*
- *Како го решиле проблемот?*
- *Дали го добиле двете магариња тоа што го сакале?*



Неколку ученици го читаат напишаното, а потоа заеднички дискутираат и на крајот заклучуваат дека конфликтот е заедничкиот проблем на двете страни, а може да се реши само со заеднички напор и соработка.



*Композиција од слики од приказната „Итрите магариња“*

## 2.2 Реализирани содржини низ вонаставната воспитно-образовна дејност

Наставниците, односно училишните тимови вклучени во проектот „Меѓуетничката комуникација и соработка меѓу учениците од етнички мешани училишта” реализираа многу активности и работилници во рамките на воннаставната воспитно–образовна дејност. Активностите најчесто се реализираа интердисциплинарно (две или повеќе секции или подрачја).

### 2.2.1 Слободни активности за проширување на знаењата: литературна, новинарска, јазична, фотографската секција и млади информатичари

**Средба со писатели од различна националност**

*„Луѓето се пред сè суштества на чувствата, а не на разумот. Затоа се подлежни на предрасуди, исполнети со гордост и суета...”*

Членовите на литературната и на новинарската секција организираа средба со писатели од македонска и од албанска националност, Перо Миленкоски и Пунторија Зиба – Муча. Членовите на новинарската секција подготвија и им поставуваа прашања во врска со мотивацијата, инспирацијата, надареноста и талентот, нивната поврзаност и важност за литературното творештво. Писателите пак им го претставија својот литературен опус, секој на својот јазик. Им зборуваа за себе, за своите први творби, за посветеноста и за љубовта кон пишуваниот збор.



Средбата доби белег на прекрасно дружење. Се заклучи дека поетите имаат исти инспирации: љубов, судбина, тага, болка, разделба, природа, итн. Со моќта на својата поетска дарба, иако секој на својот јазик, поетите поетското во себе го направија разбирливо за сите.

Учениците прашуваа за тајните на пишуваниот збор, им прочитаа свои творби и побараа мислење за нив.

## ***Збирка на рецепти од традиционални македонски и турски јадења***

> *„Непријателството запишете го на песок за да го избрише ветрот на заборавот, а пријателството на камен за да остане запишано засекогаш“.*

Во реализацијата на оваа активност беа вклучени ученици, наставници, родители, јазичната секција, младите информатичари и фотографската секција.

Групи од ученици од македонска и од турска националност собираа рецепти од стари традиционални македонски и турски јадења, ги избраа од собраните најстарите и најтипичните рецепти, и од нив направија збирка рецепти.

Учениците од јазичната секција заедно со одговорните наставници ги лекторираа текстовите на рецептите на македонски и на турски јазик.

Учениците од фотографската секција ги фотографираа подготвените јадења, и направија избор на фотографии за збирката рецепти.

Младите информатичари ги отчукаа рецептите, компјутерски ги обработија и ја подготвија ***Збирката на рецепти од традиционални национални јадења.***





**БАНИЦА**

- 500 гр. кори
- 300 гр. сирење
- 250 мл. кисело млеко
- 1 чаша масло за јадење
- 3 јајца

Приготвување :
Јајцата,киселото млеко и маслото за јадење ги мешаме. Секоја кора ја попрскуваме со фалот и врз него ставаме сирење. Постапката ја повторуваме додека корите не завршат. Готовата баница се става да се пече околу 30 мин. на 250 С.

**PIDE**

- 500 g yufka
- 300 g peynir
- 250 g yoğurt
- 1 bardak zeytinyağı
- 3 adet yumurta

HAZIRLAMAK:

Yumurta, yoğurt ve zeytinyağı derin bir kapta karıştırın. Her yufkanın üzerine bunun ve peynir sürün. Pideyi 250 derecelik fırında 30 dakika pişirin.

## 2.2.2 Културно-уметнички слободни активности: ликовна и фолклорна секција

*„Живееј заради другите ако сакаш да живееш за себе”.*

### Ликовна секција



Оваа секција составена од ученици од различна етничка припадност, со примена на разни ликовни техники, изработија цртежи на кои беа прикажани народни носии од етничките заедници, традиционални предмети од покуќнината и народни инструменти. Потоа изработија предмети од глина и ги украсија со цртежи што претставуваат фолклорни елементи на етничката заедница.

Преку овие активности учениците не само што понепосредно се запознаваа, комуницираа и соработуваа, туку стекнуваа и знаења за орнаментиката и боите на секоја национална култура.

Ликовните творби беа изложени на ѕидовите во училишните ходници, со што се придонесе кон естетскиот изглед на училиштето. Учениците од ликовната секција од едно училиште ги обоија и ги дизајнираа дворните клупи и оградата на училиштето.

### Фолклорна секција



Активностите на учениците од фолклорната секција се состоеја од учење народни ора од етничките заедници. Оваа секција работеше одделно со ученици од одделенска и од предметна настава. Ги научија ората оптан–топтан, пембе и пајдушкото.

Презентацијата на научените ора пред родителите беше направена во народни носии.

Учејќи ги ората, учениците научија нешто повеќе и за секое оро, кога се игра и што се искажува со него, за народните носии и за нивните делови.

### 2.2.3 Работно-производствени слободни активности од занаетчиско-индустриски тип

*„Имај време за работа, бидејќи таа е цена на успехот”.*

Иако оваа група на активности нуди разновидни можности за развивање на меѓуетничка комуникација и соработка, учениците се определија само за изработка на сувенири – украсни предмети од глина на кои учениците цртаа фолклорни мотиви. Учениците од одделенска настава изработија и ѓердани од тестенини со различни форми.



Изработените предмети се презентираа пред родителите и им се продаваа за симболичен надоместок, а собраните средства ќе се употребат за купување работен материјал. Работејќи на оваа активност учениците се дружеа, разменуваа идеи, соработуваа и меѓусебно си подаруваа.

# ПРОИЗВОДСТВЕНА И ДРУГА ОПШТЕСТВЕНО-КОРИСНА РАБОТА

*„Искрениот пријател е подобар од роднина".*

## 3.1 Естетско обликување на просторите, украсување на ходниците и на училишниот двор

Украсувањето на училишните ходници и уредувањето на училишниот двор учениците го изведоа во соработка со ликовната и со цвеќарската секција.

Со изработените ликовни творби ги украсија ѕидовите на ходниците, а со собраните традиционални предмети од покуќнината формираа и уредија етно–катче.



Собирајќи предмети од покуќнината на етничките заедници и уредувајќи го етно–катчето, учениците се запознаваа со сличностите и со разликите на предметите што имаа иста намена.

# СОРАБОТКА НА УЧИЛИШТЕТО СО ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА



## 4.1 Соработка со семејството

### Организација и реализација на презентација на национални јадења



Родителите беа активно вклучени во подготовката на “Збирката рецепти за традиционални национални јадења”. Тие на своите деца им кажуваа рецепти, а потоа доброволно, по свој сопствен избор, подготвија по едно национално јадење, кое го презентираа на завршната манифестација на проектот. На манифестацијата присуствуваа голем број гости: членови на училишниот одбор, родители, наставници, претставници на локалната самоуправа и медиумите.

Во организацијата и реализацијата на оваа активност мајките Македонки и Турчинки се дружеа, соработуваа и се договараа која што ќе подготви за да биде трпезата што поразновидна и побогата.

### Посета на семејства од различна етничка припадност

Групи ученици посетија семејства и тоа, ученици од албанска етничка припадност посетија македонски семејства, а ученици–Македонци посетија албански семејства. На посетите им претходеше подготовка. Наставниците разговараа со родителите–домаќини за она што се бара од нив да направат при посетата на учениците и на кои прашања

треба и како да одговорат. Учениците пак заедно со наставниците подготвија прашања за разговор со домаќините. Учениците прашуваа за животот со соседите, за празниците што ги слават, зошто и како ги слават, за тоа кои јадења се готват за кои празници и пригоди.

Посетите беа реализирани за време на големите верски празници кај христијаните – Велигден, а кај муслиманите – Бајрам. Така учениците имаа можност да бидат во улога на гости и да доживеат и да почуствуваат дел од празничната атмосфера во семејствата.

## ПОСЕТА НА МАКЕДОНСКО СЕМЕЈСТВО

*Продолжувајќи со активностите на нашиот проект за меѓуетничка соработка, ние одлучивме да посетиме и македонско семејство и така да научиме за религијата и за традициите на македонското семејство. Прашањата за поставување ги подготвивме однапред, и првото што го прашавме се однесуваше на дружењето со пријателите и со соседите. Тие ни одговорија многу кратко: „Ние не сакаме луѓето да ги разликуваме ниту по етничка припадност, ниту по вера. Сакаме со нив да се дружиме и да си имаме пријателство". Одговорот што го добивме беше одличен за нас, ни беше поука. Нас нè интерсираа нивните обичаи, и тие ни кажуваа за празниците, обичаите, дознавме и што значи црвената боја на јајцата што се фарбаат за Велигден. Таа ја означува пролеаната крв на Исус. За празниците ни раскажуваа многу, а како најважни ги истакнаа Велигден и Божиќ. Ни раскажаа и за традиционалните јадења во коишто преовладуваат: различни меса, секакви видови салати, и најважно е трпезата да биде богата. Што се однесува до обичаите, тие велат дека во различни краишта се негуваат различни обичаи.*

*Од она што го научивме за животот, традициите и обичаите на македонското семејство бевме многу задоволни, а тоа што сите добивме по едно јајце за Велигденот - многу нè израдува сите нас.*

## ПОСЕТА НА АЛБАНСКО СЕМЕЈСТВО

*Дел од нашата програма беше посетата на албанско семејство со цел да дознаеме нешто повеќе за нивните празници, свадби и обичаи. Секако, нашите прашања за поставување беа однапред испланирани. Еве како течеше нашиот разговор:*

*Прашање:* *Колку членови брои Вашето семејство?*
*Одговор:* *Ние сме четири членови, и во нашиот стан живеат и моите родители.*

*Прашање:* *Како се сложувате со Вашите соседи што се со различни етнички припадности?*
*Одговор:* *Сите тука си живееме сложно и ние, како соседи, не се разликуваме меѓусебно.*

*Прашање:* *Кажете ни нешто повеќе за Вашите празници и традиционалните јадења?*
*Одговор:* *Имаме три верски празници: Рамазан, Бајрам и Курбан Бајрам, и за двата Бајрами обично правиме баклава. Тогаш жените стануваат рано на утро, месат леб и слично. Мажите, исто така, стануваат рано и одат во џамија.*

*Прашање:* *Како изгледаат Вашите свадби и дали се придржувате кон старите обичаи?*
*Одговор:* *Ова е навистина интересно прашање и може да се зборува подолго на оваа тема. Кај нас свадбите имаат интересни обичаи, но сегашните, помладите генерации не се придржуваат кон нив. Во селата традиционалните обичаи сè уште постојат.*

*На крајот, ние бевме задоволни од одговорите и среќни од она што повеќе научивме за албанските обичаи и традиција, за нивните празници, свадби и за сè што нè интересираше во врска со животот на албанското семејство.*

## 4.2 Соработка на училиштето со други организации

### ***Посета на касарната "Гоце Делчев" - единица за специјална намена***



Посетата на специјалната единица се реализираше затоа што таа е составена од војници со различна етничка припадност. Посетата ја подготвија директорот на училиштето со претпоставениот на касарната.

На учениците им беше прикажан филм од кој можеше да се види животот на војниците во специјални услови. Тие исто така видоа дека верата и етничката припадност не преставуваат никаква пречка во реализирањето на поставените задачи, како и во одбраната на државата.

# ЗАКЛУЧОК

На овие страници ги прикажавме активностите на учениците од училиштата вклучени во проектот "Меѓуетничката комуникација и соработка помеѓу учениците од етнички мешани училишта". Споменавме дека целите со целната група се постигнаа, а за да се постигне траен придонес во развојот на соработката и на толеранцијата на меѓуетничките заедници во Македонија, потребно е многу, упорно и постојано да се работи на меѓуетничката соработка и толеранција помеѓу учениците во основните училишта, да се користи секоја можност, секој сегмент од воспитно–образовната работа на училиштето.



Активностите, ако се реализираат само додека траат проектите, даваат само привидни резултати, но ако се одвиваат редовно, тогаш тие даваат трајни и ефикасни резултати.

Со издавањето на оваа публикација сакаме да ги поттикнеме и да ги мотивираме и другите училишта со мешан етнички состав да се обидат да ги реализираат понудените активности.

Објаснувањето на активностите во голема мера е преземено и автентично пренесено од извештаите на училишните тимови со цел тие да се доживеат понепосредно и поблиску.

Во продолжение ја приложуваме *Листата на активности,* кои може да ги реализирате со вашите ученици во рамките на програмата за воннаставните активности.

## ЛИСТА НА АКТИВНОСТИ

- Изготвување **училишен амблем** што ќе го симболизира заедништвото помеѓу етничките заедници во вашето училиште.
- Изготвување **училишен плакат** (постер) што ќе го симболизира заедништвото помеѓу етничките заедници во вашето уичилиште.
- Учење **народни ора од различни етнички заедници** со објаснување за името на орото и за неговата симболика.
- Уредување **катчиња во училишните ходници** со традиционални народни носии и со предмети од покуќнина.
- Уредување **брошура со традиционални национални јадења.**
- Организирање **изложба на традиционални национални јадења.**
- Организирање **изложба на ракотворби**.
- **Размена на посета во домовите на ученици** од разни етнички заедници по повод традиционални празници и други празнувања. Истите да бидат проследени со објаснувања зошто се слават, да се објаснат некои обичаи, ритуали, постапки.
- **Посета на верски објекти** и разговор со соодветни свештени лица. При тоа да се објасни симболизацијата и архитектурата на објектите, деловите во нив, ритуалите и др.
- **Изработка на збирки-портфолија од верски објекти** и други споменици од христијанската и од исламската религија лоцирани во непосредна близина на месноста.

# СОДРЖИНА


| | | |
|---|---|---|
| | **Вовед** | 3 |
| **1.** | **Поими што треба да се знаат за подобро да се разбере меѓуетничката толеранција** | 5 |
| **2.** | **Училиштето со мешан етнички состав е работилница во која се учи и се негува меѓуетничката комуникација и соработка** | 7 |
| 2.1 | Реализирани содржини на часот на одделенскиот раководител | 7 |
| 2.2 | Реализирани содржини низ вонннаставната воспитно–образовна дејност | 20 |
| 2.2.1 | Слободни активности за проширување на знаењата: литературна, новинарска, јазична, фотографската секција и млади информатичари | 20 |
| 2.2.2 | Културно–уметнички слободни активности: ликовна и фолклорна секција | 22 |
| 2.2.3 | Работно–производствени слободни активности од занаетчиско–индустриски тип | 23 |
| **3.** | **Производствена и друга општествено-корисна работа** | 24 |
| 3.1 | Естетско обликување на просториите, украсување на ходниците и на училишниот двор | 24 |
| **4.** | **Соработка на училиштето со локалната средина** | 25 |
| 4.1 | Соработка со семејството | 25 |
| 4.2 | Соработка на училиштето со други организации | 28 |
| | **Заклучок** | 29 |

■ ■ ■

Издавач:
Македонски центар за граѓанско образование (МЦГО)
ул. „29 Ноември“ 4–Б/1
1000 Скопје

■ ■ ■

***УЧИЛИШТЕТО СО МЕШАН ЕТНИЧКИ СОСТАВ***
***– РАБОТИЛНИЦА ВО КОЈА СЕ УЧИ И СЕ НЕГУВА***
***МЕЃУЕТНИЧКАТА КОМУНИКАЦИЈА И СОРАБОТКА***

■ ■ ■

Лектура:
Милица П. Јовановиќ

■ ■ ■

Графички дизајн:
Билјана МИХАЈЛОВСКА

■ ■ ■

Тираж:
300 примероци



